**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**
**Бр. 08-697/7**
**21.10.2021 година**
**С К ОП Ј Е**

Врз основа на член 110 став 1 алинеја 21 од Законот за високото образование („Службен весник" бр.82/18), Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност, на седницата одржана на 21.10.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за ослободување на студентите-доброволни дарители на крв, од надомест за пријавување на испит во ноемвриска казнена сесија на Факултетот за безбедност, во академската 2021/2022 година

1. Одлуката за ослободување од надомест за пријавување на испит во ноемвриска казнена сесија на Факултетот за безбедност, во академската 2021/2022 година, за студентите-доброволни дарители на крв, се усвојува.

2. Се одобрува ослободување од надомест за пријавување на испит во ноемвриска казнена сесија, во академска 2021/2022 година, за студентите-доброволни дарители на крв, кои ќе даруваат крв на 27.10.2021 година, во просториите на Факултет за безбедност.

3. Се утврдува ослободување од надоместот за пријавување на испит во ноемвриска казнена сесија, во износ од 1.000,00 денари. Ослободувањето од надоместот ќе биде извршено врз основа на потврда која ќе приложат студентите кои доброволно дарувале крв.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Доставено до: Претседател на Факултетско студентско собрание, Одделение за студентски прашања, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење и архива.
Одлуката да се истакне на огласна табла и да се објави на веб страната на Факултетот.